# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ



| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 28.2.2025 година<br>Скопје<br>Број 2 год. XX | Претплатата за 2024 год. износува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |



www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk

февруари, 2025 година

## С О Д Р Ж И Н А

Стр.

- Одлука за давање согласност на Измена и дополнување на годишниот план за вработување во 2025 година, бр. 01-82 од 14.2.2025 година, на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар-Скопје „Кочо Рацин"-Скопје, со Решение за објавување ........................ 1 - 2

- Одлука за давање согласност на Измена и дополнување на годишниот план за вработување во 2025 година, бр. 01-73 од 17.02.2025 година, на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар-Скопје „Раде Јовчевски Корчагин"-Скопје, со Решение за објавување ... 3 - 4

- Одлука за отпочнување со работа на нов објект „Пролет" на Јавна установа за деца-детска градинка на Општина Центар-Скопје Раде Јовчевски Корчагин, Скопје, со Решение за објавување ....................................................... 5 - 6

- Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа на Полициската станица од општа надлежност „Центар" за период од 1.1.2024 до 31.12.2024 година, со Решение за објавување ........................................................ 7 - 8

- Одлука за давање согласност на Годишна програма за 2025 година, на Установата од областа на културата Културно социјален простор „ЦЕНТАР-ЈАДРО"-Скопје, со Решение за објавување ........................................................ 9 - 10

- Одлука за давање согласност на Одлуката за назначување на позицијата програмски координатор на простор и административни работи на Установата од областа на културата Културно социјален простор „ЦЕНТАР-ЈАДРО"-Скопје, со Решение за објавување ............................................ 11 - 12

- Одлука за давање согласност на Одлуката за назначување на позицијата програмски координатор на проекти и административни работи на Установата од областа на културата Културно социјален простор „ЦЕНТАР-ЈАДРО"-Скопје, со Решение за објавување ............................................ 13 - 14

- Правилник за начинот, критериумите и постапката за доделување финансиски средства за проекти и програмски активности од областа на културата од интерес за Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ............. 15 – 22

- Правилник за начинот, критериумите и постапката за доделување финансиски средства за проекти и програмски активности од областа на спортот од интерес за Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување .............. 23 - 27

- Правилник за начинот, критериумите и постапката за доделување финансиски средства за социјални услуги и сервиси за граѓаните на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување .................................................. 28 - 33

- Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работењето на КК „Работнички" АД Скопје за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година, со Решение за објавување .................................................. 34 - 35

- Одлука за давање согласност на Финансискиот план на Кошаркарскиот клуб „Работнички" АД Скопје за период од 1.1.2025 година до 31.12.2025 година, со Решение за објавување .................................................. 36 - 27

- Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Центар-Скопје и прифаќање на грант во рамките на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор при Министерство за финансии (ПСЕЕП), со Решение за објавување .................................................. 38 - 40

- Одлука за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Центар-Скопје за извештајниот период (кумулативно) од 1.1.2024 до 31.12.2024 година, со Решение за објавување ...................... 41 - 42

- Одлука за прераспределба на средствата во Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2025 година, со Решение за објавување .................................................. 43 - 45

- Одлука за донесување/недонесување на Техничка исправка на Детален урбанистички план за ГП 5.5 и ГП 5.14 од измена и дополна на Деталниот урбанистички план Дебар Маало 2, донесен со Одлука бр. 07-3727/2 од 28.12.2009 година, Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ........................... 46 - 48

- Одлука за одобрување на финансиски средства на Раде Лешко, со Решение за објавување ................................ 49 - 50

- Одлука за одобрување на финансиски средства на Ангелина Серафимовска, со Решение за објавување ........ 51 - 52

- Јавни објави .................................................................... 53 - 66

---

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ" БР. 1.-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Измена и дополнување на годишниот план за вработување во 2025 година, бр. 01-73 од 17.02.2025 година, на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар-Скопје „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Измена и дополнување на годишниот план за вработување во 2025 година, бр. 01-73 од 17.02.2025 година, на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар-Скопје „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 45. седница, одржана на 27.2.2025 година.

Бр. 09-1187/3
27.2.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), а во врска со член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработените во јавниот сектор „Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), Советот на Општина Центар-Скопје на 45. седница, одржана на 27.2.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Измена и дополнување на годишниот план за вработување во 2025 година, бр. 01-73 од 17.02.2025 година, на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар-Скопје „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот на Општина Центар дава согласност на Измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување во 2025 година, број 01-73 од 17.02.2025 година, на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар-Скопје „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје.

**Член 2**

Се задолжува Директорот на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар-Скопје „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје да ја спроведе оваа одлука.

**Член 3**

Со стапување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2025 година во Општинското основно училиште „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје бр. 08-524/12 од 31.1.2025 година.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-1187/2
27.2.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Измена и дополнување на годишниот план за вработување во 2025 година, бр. 01-82 од 14.2.2025 година на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар-Скопје „Кочо Рацин"-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Измена и дополнување на годишниот план за вработување во 2025 година, бр. 01-82 од 14.2.2025 година на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар-Скопје „Кочо Рацин"-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 45. седница, одржана на 27.2.2025 година.

Бр. 09-1187/5
27.2.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), а во врска со член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработените во јавниот сектор „Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), Советот на Општина Центар-Скопје на 45. седница, одржана на 27.2.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Измена и дополнување на годишниот план за вработување во 2025 година, бр. 01-82 од 14.2.2025 година на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар-Скопје „Кочо Рацин“-Скопје**

**Член 1**

Се дава согласност на Измена и дополнување на годишниот план за вработување во 2025 година, бр. 01-82 од 14.2.2025 година на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар-Скопје „Кочо Рацин“-Скопје.

**Член 2**

Се задолжува Директорот на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар-Скопје „Кочо Рацин“-Скопје да ја спроведе оваа Одлука.

**Член 3**

Со стапување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2025 година во Општинското основно училиште „Кочо Рацин“-Скопје бр. 08-524/14 од 31.1.2025 година.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-1187/4
27.2.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за отпочнување со работа на нов објект „ПРОЛЕТ" на Јавна установа за деца-детска градинка на Општина Центар-Скопје Раде Јовчевски Корчагин, Скопје**

Се објавува Одлуката за отпочнување со работа на нов објект „ПРОЛЕТ" на Јавна установа за деца-детска градинка на Општина Центар-Скопје Раде Јовчевски Корчагин, Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 45. седница, одржана на 27.2.2025 година.

Бр. 09-1187/7
27.2.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), а во врска со член 102-а став 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22 и 17/25), Советот на Општина Центар-Скопје на 45. седница, одржана на 27.02.2025 година, донесе

## О Д Л У К А
## за отпочнување со работа на нов објект „ПРОЛЕТ" на Јавна установа за деца-детска градинка на Општина Центар-Скопје Раде Јовчевски Корчагин, Скопје

### Член 1

Со оваа Одлука, Советот на Општина Центар-Скопје ја утврдува потребата за отпочнување со работа на новиот објект „ПРОЛЕТ" со седиште на улица Мирче Ацев број 102, Општина Центар – Скопје, во состав на Јавна установа за деца-детска градинка на Општина Центар-Скопје Раде Јовчевски Корчагин, Скопје.

Новиот објект од став 1 на овој член претставува Објект од втора категорија со намена В2-Здраство и социјална заштита на улица Мирче Ацев број 102, на КП 13238, 13242, 13848/10 и 13848/2 согласно ГП 1.02 од ДУП за Градска четврт И06-Пролет изграден со Одобрение за градење број УП1.бр.27-452/2021 од 30.05.2022 година и Завршен извештај од извршен стручен надзор број 0302-668/1 од 26.11.2024 година на Јавна установа за деца-детска градинка на Општина Центар-Скопје Раде Јовчевски Корчагин, Скопје

### Член 2

Советот на Општина Центар-Скопје, утврдува дека седиштето на Јавната установа за деца-детска градинка на Општина Центар-Скопје Раде Јовчевски Корчагин, Скопје е на улица Мирче Ацев број 102, 1000 Скопје, Општина Центар-Скопје.

### Член 3

Оваа одлука претставува правен основ за донесува на Решение за вршење на дејноста на установата за деца согласно добиено позитивно мислење од Министерство за социјална политика, демографија и млади број 11-1695/3 од 27.02.2025 година.

### Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-1187/6 Совет на Општина Центар-Скопје
27.2.2025 година Претседател
С к о п ј е Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работа на Полициската станица од општа надлежност „Центар“ за период од 1.1.2024 до 31.12.2024 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работа на Полициската станица од општа надлежност „Центар“ за период од 1.1.2024 до 31.12.2024 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 45. седница, одржана на 27.2.2025 година.

Бр. 09-1187/9
27.2.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Советот на Општина Центар-Скопје на 45. седница, одржана на 27.2.2025 година, расправаше по Годишниот извештај за работа на Полициската станица од општа надлежност „Центар“ за период од 1.1.2024 до 31.12.2024 година и донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишниот извештај за работа на Полициската станица од општа надлежност „Центар“ за период од 1.1.2024 до 31.12.2024 година**

1. Се усвојува Годишниот извештај за работа на Полициската станица од општа надлежност „Центар“ за период од 1.1.2024 до 31.12.2024 година.

2. Овој Заклучок да се достави до градоначалникот и до Полициската станица од општа надлежност „Центар“.

3. Заклучокот стапува на сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-1187/8
27.2.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Годишната програма за 2025 година на Установата од областа на културата Културно социјален простор ЦЕНТАР-ЈАДРО, Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Годишната програма за 2025 година, на Установата од областа на културата Културно социјален простор ЦЕНТАР-ЈАДРО, Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 45. седница, одржана на 27.2.2025 година.

Бр. 09-1187/11
27.2.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) Советот на Општина Центар-Скопје на 45. седница, одржана на 27.2.2025 година, донесе

# О Д Л У К А
# за давање согласност на Годишната програма за 2025 година на Установата од областа на културата Културно социјален простор ЦЕНТАР ЈАДРО Скопје

## Член 1

Се дава согласност на Годишната програма за 2025 година на Установата од областа на културата Културно социјален простор ЦЕНТАР ЈАДРО Скопје.

## Член 2

Одлуката да се достави до Установата од областа на културата Културно социјален простор ЦЕНТАР ЈАДРО, Скопје.

## Член 3

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-1187/10<br>27.2.2025 година<br>С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје<br>Претседател<br>Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 0204 2/4 од 23.1.2025 година за назначување на позицијата програмски координатор на простор и административни работи, донесена од Управниот одбор на Установата од областа на културата Културно социјален простор „ЦЕНТАР-ЈАДРО" Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 0204 2/4 од 23.1.2025 година за назначување на позицијата програмски координатор на простор и административни работи, донесена од Управниот одбор на Установата од областа на културата Културно социјален простор „ЦЕНТАР-ЈАДРО" Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 45. седница, одржана на 27.2.2025 година.

Бр. 09-1187/13 ГРАДОНАЧАЛНИК
27.2.2025 година на Општина Центар-Скопје
С к о п ј е м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 01/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 45. седница, одржана на 27.2.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлуката бр. 0204 2/4 од 23.1.2025 година за назначување на позицијата програмски координатор на простор и административни работи, донесена од Управниот одбор на Установата од областа на културата Културно социјален простор „ЦЕНТАР-ЈАДРО“ Скопје**

**Член 1**

Се дава согласност на Одлуката бр. 0204 2/4 од 23.1.2025 година за назначување на Марија Бошковска на позицијата програмски координатор на простор и административни работи, донесена од Управниот одбор на Установата од областа на културата Културно социјален простор „ЦЕНТАР-ЈАДРО“ Скопје.

**Член 2**

Примерок од Одлуката да се достави до Установата од областа на културата Културно социјален простор „ЦЕНТАР-ЈАДРО“ Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-1187/12
27.2.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 0204 2/5 од 23.1.2025 година за назначување на позицијата програмски координатор на проекти и административни работи, донесена од Управниот одбор на Установата од областа на културата Културно социјален простор „ЦЕНТАР-ЈАДРО“ Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 0204 2/5 од 23.1.2025 година за назначување на позицијата програмски координатор на проекти и административни работи, донесена од Управниот одбор на Установата од областа на културата Културно социјален простор „ЦЕНТАР-ЈАДРО“ Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 45. седница, одржана на 27.2.2025 година.

Бр. 09-1187/15
27.2.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 01/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 45. седница, одржана на 27.2.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлуката бр. 0204 2/5 од 23.1.2025 година за назначување на позицијата програмски координатор на проекти и административни работи, донесена од Управниот одбор на Установата од областа на културата Културно социјален простор „ЦЕНТАР-ЈАДРО“ Скопје**

**Член 1**

Се дава согласност на Одлуката бр. 0204 2/5 од 23.1.2025 година за назначување на Ѓорги Пулевски на позицијата програмски координатор на проекти и административни работи, донесена од Управниот одбор на Установата од областа на културата Културно социјален простор „ЦЕНТАР-ЈАДРО“ Скопје.

**Член 2**

Примерок од Одлуката да се достави до Установата од областа на културата Културно социјален простор „ЦЕНТАР-ЈАДРО“ Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-1187/14
27.2.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Правилникот за начинот, критериумите и постапката за доделување финансиски средства за проекти и програмски активности од областа на културата од интерес за Општина Центар-Скопје**

Се објавува Правилникот за начинот, критериумите и постапката за доделување финансиски средства за проекти и програмски активности од областа на културата од интерес за Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 45. седница, одржана на 27.2.2025 година.

Бр. 09-1187/17
27.2.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24) и Програмата за култура на Општина Центар-Скопје за 2025 година („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр.13/24) Советот на Општина Центар-Скопје на 45. седница, одржана на 27.2.2025 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за начинот, критериумите и постапката за доделување финансиски средства за проекти и програмски активности од областа на културата од интерес за Општина Центар-Скопје

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредуваат начинот, критериумите и постапката за доделување на финансиски средства утврдени во Буџетот на Општина Центар-Скопје, наменети за спроведување на проекти и програмски активности од областа на културата од интерес за Општина Центар, за дејствување во различни области од културата во општината.

### Член 2

Финансиските средства се обезбедени од Буџетот на Општина Центар-Скопје.

## II. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВЕН ПОВИК

### Член 3

Согласно овој Правилник финансиските средства од Буџетот на Општина Центар можат да бидат доделени на физички лица со живеалиште на подрачјето на Општина Центар (уметници и самостојни уметници) кои вршат дејност од областа на културата, правни субјекти кои вршат дејност од областа на културата на подрачјето на Општина Центар (установи од областа на културата, здруженија на граѓани, фондации и други правни субјекти регистрирани на територија на Општина Центар), согласно Законот за културата и други позитивни законски прописи во Република Северна Македонија, кои ги исполнуваат критериумите од овој Правилник и ја доставиле потребната документација.

## III. НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК/КОНКУРС

### Член 4

Постапката за доделување на финансиски средства за спроведување на проекти и програмски активности од областа на културата од интерес за Општина Центар ќе се спроведе со Јавен повик/Конкурс објавен од Општина Центар-Скопје.

Јавниот повик/Конкурс се објавува огласната табла и на веб-страницата на Општина Центар https://www.centar.gov.mk/
Јавниот повик/Конкурс трае од денот на објавување најмногу 15 работни дена или до исцрпување на предвидените финансиски средства.

## IV. НАЧИН, КРИТЕРИУМИ И ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

### Член 5

За утврдување на исполнувањето на критериумите за доделување на финансиски средства од член 2 на овој Правилник, Градоначалникот на Општина Центар формира Комисија за рангирање на пријавите и евалуација на проектите и програмските активности од областа на културата од интерес за Општина Центар, во состав од 3 члена – претставници од општинската администрација по објавените Јавни повици и 3 члена од Советот на Општина Центар-Скопје и 2 члена – претставници од општинската администрација по објавениот Конкурс (во понатамошниот текст: Комисија).
Комисијата од ставот 1 има задача:

- да ја спроведе постапката;
- да го утврди исполнувањето на критериумите и
- да достави предлог до Градоначалник за усвојување на барањата на оние апликанти што ги исполнуваат условите.

### Член 6

Пријавата со потребната документација се доставува во еден оригинален примерок, пополнета електронски, потпишана и заверена/печатирана од одговорното лице на апликантот.

Архивата на Општина Центар-Скопје примените пријави ги евидентира со точното време на поднесување (датум, час и минута).

Потребната документација, апликантите ја поднесуваат до Комисијата преку Архивата на Општина Центар во затворен плик со назнака: До Сектор за јавни дејности – Комисија за рангирање на пријавите и евалуација на проектите и

програмските активности од областа на културата од интерес за Општина Центар.

Рачно пополнетите пријави воопшто нема да бидат разгледувани.

Ненавремено доставените пријави, Комисијата нема да ги разгледува.

**Член 7**

По објавување на Јавниот повик/Конкурс, Претседателот на Комисијата свикува состанок на кој се разгледуваат пристигнатите пријави во однос на тоа дали ја содржат потребната документација.

Врз основа на пристигнатите барања, документација и спроведената постапка, Комисијата го утврдува исполнувањето на условите согласно член 9 на овој Правилник и доставува предлог до Градоначалникот на Општина Центар-Скопје за усвојување или неусвојување на поднесеното барање.

Предлогот за усвојување на пријавите и доделување на финансиски средства го потпишува претседателот на Комисијата и го доставува до Градоначалникот.

За текот на одржаниот состанок се води Записник.

Во Записникот, Комисијата констатира дали барањата се навремени и комплетни, и ги исполнуваат критериумите од Правилникот.

За барателите што ги исполниле условите согласно Јавниот повик/Конкурс, Градоначалникот на Општина Центар-Скопје, на предлог на Комисијата, носи Решение за усвојување на барањето.

За барателите што не ги исполниле условите согласно Јавниот повик/Конкурс, Градоначалникот на Општина Центар-Скопје, на предлог на Комисијата, ги известува барателите за неусвојување на барањето.

**Член 8**

Градоначалникот на Општина Центар-Скопје по предлог на Комисијата донесува Решение усвојување на барањето и за доделување на финансиски средства. Општина Центар – Скопје ќе склучи Договор за финансирање со субјектот чиј проект ќе биде избран на Јавниот повик/Конкурс. Сите субјекти што ќе бидат финансирани преку Јавен повик/Конкурс имаат обврска да поднесат Извештај за реализација на проектот веднаш по неговото завршување.

Комисијата ги известува подносителите доколку се поништи Јавниот повик/Конкурс и не се донесе Решение за доделување на финансиски средства.

**Член 9**

Апликантите - правните субјекти и физичките лица кои учествуваат на Јавниот повик/Конкурс, за исполнување на критериумите се должни да ја достават следнава документација:

**Правните субјекти** - установи од областа на културата, здруженија на граѓани, невладини организации, фондации и други правни лица да достават:
а) Пополнета пријава/апликација (пријавата ќе биде објавена на веб-страницата на Општина Центар: https://www.centar.gov.mk/);
б) Копија од Решение за упис во Централен регистар на Република Северна Македонија;
в) Копија од Тековна состојба за регистрирана дејност не постара од шест месеци, издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија;
г) Потврда за отворена и активна жиро сметка со банката;
д) Референтна листа за претходно организирани и реализирани програми, проекти, програмски активности и манифестации во последните три години.

**Физичките лица** - уметници и самостојни уметници да достават:
а) Пополнета пријава/апликација (пријавата ќе биде објавена на веб-страницата на Општина Центар: https://www.centar.gov.mk/);
б) Кратка биографија и CV на апликантот;
в) Доказ за жителство во Општина Центар;
г) Минимум 1 референца за реализирана уметничка активност;
д) Копија од предната страна на трансакциска сметка (исклучиво лична на апликантот, не ополномоштена од трето лице).

## V. ОБЛАСТИ ЗА УЧЕСТВО НА АПЛИКАНТИТЕ

**Член 10**

а) Општина Центар ќе додели финансиски средства за проекти и програмски активности од областа на културата, во следниве области:

- Изведбени уметности
- Музички уметности
- Визуелни уметности и уметност на новите медиуми
- Издавачка и библиотечна дејност
- Промоција на културното наследство
- Креативни индустрии

1. **Изведбени уметности:**

- негување и презентација на националното драмско и музичко - сценско творештво од различни уметнички стилови и жанрови со застапеност на традиционални и современи автори;

- работилници со млади како и со лица со посебни потреби од областа на драмските и музичко - сценските уметности;
- поддршка на театарски фестивали;
- презентирање и промоција на македонскиот фолклор

**2. Музички уметности:**
- **промоција и изведба на** музички дела и творештво со стилска и жанровска разновидност;
- поттикнување и изведба на нови музички форми и изрази;
- поддршка на музички фестивали и македонски музичари;
- поддршка на концерти на млади музичари - изведувачи и композитори и
- поддршка на концерти на отворени јавни простори

**3. Визуелните уметности и уметноста на новите медиуми:**
- ретроспективно - монографски изложби од особено значење за Општина Центар што одразуваат континуитет во уметничкото дејствување на територијата на Општината потврдени од ликовната критика и историјата на уметноста;
- самостојни, групни и други проекти од земјава што ги промовираат современите уметнички форми и изрази и придонесуваат за развој на современиот ликовен јазик во Општината;
- промоција и развој на современата урбана уметност со акцент на користење на јавните површини како и други алтернативни простори за презентација на уметничките дела во Општината;
- поддршка на филмска уметност;
- изложбени проекти од областа на креативните индустрии и
- изложби и проекти на млади уметници од областа на визуелните уметности и уметноста на новите медиуми.

**4. Издавачката и библиотечната дејност:**
- издавање на книги и електронски изданија, публикации, монографии, зборници што обработуваат теми од современиот живот и историјата на Општина Центар;
- **поддршка на книжевно творештво со високи вредности од автори кои творат на македонски јазик;**
- **дела со исклучителна културна вредност, монографии, стручни публикации, како и дела што се резултат на истражувачи проекти за Општина Центар;**
- издаваштво наменето за деца и млади;
- **за дела на автори со прво издание задолжителни се две (2) рецензии и**
- **за дела на автори со повеќе издадени книжевни дела, задолжителна е една (1) рецензија.**

**5. Промоција на културното наследство:**
- презентација, популаризација и промоција на културното и историско наследство во Општина Центар;
- користење на културното наследство како ресурс за развој на туризмот;
- организирање на кампањи, работилници и предавања за промоција и значењето на културното наследство на територијата на Општина Центар.

**6. Креативни индустрии :**
- поддршка и иницирање на нови активности за развој и поттикнување на креативните индустрии, организирање на фестивали за креативни индустрии;
- создавање услови за работата во областите на креативните сектори (ИТ, нови медиуми, видео - филм и анимација, современ продукт - дизајн, индустриски, моден, мебел - дизајн и друго);
- промоција на вредности, производи и услуги од областа на креативните индустрии како што се: дизајн (индустриски, графички, моден дизајн), мебел дизајн и архитектура, аудио - визуелени уметности, нови медиуми, ИТ технологии, изведбени уметности и други;
- поттикнување на претприемачките и бизнис вештини кај младите, уметниците, дизајнерите и поединците/групите во рамките на креативните сектори;
- активности со продажен потенцијал
- стимулација, реализација, презентација и развој на креативните потенцијали кај децата и младите, за остварување на креативни проекти.

## VI. БОДОВНИ КРИТЕРИУМИ

### Член 11

Комисијата ќе ги прифати пријавите кои согласно критериумите и бодовните листи утврдени со Правилникот ќе обезбедат најмалку 60 бодови.

Критериуми за доделување на финансиски средства од областа на културата во доменот на професионално делување во културата, младинско делување во културата и аматерско делување во културата од интерес за Општина Центар се бодуваат на следниот начин:

| **Критериум** | **Вредност на бодови** |
|---|---|
| Придонес на проектот во реализацијата на програмските цели на Општината | 20 |
| Усогласеност со надлежностите на Општината | 25 |
| Стручност, искуство и компетентност на подносителот на апликацијата во спроведувањето на проектната активност | 20 |
| Реален буџет и оправданост на трошоците | 20 |
| Процент на учество на подносителот на апликацијата во проектниот буџет | 5 |
| Вклученост на други општински институции, граѓански организации или граѓани | 10 |

**Член 12**

Општина Центар може да го поништи јавниот повик доколку:

- не е пристигната ниту една пријава;
- пријавите кои се пристигнати не ги исполнуваат критериумите утврдени согласно член 11 и
- не се донесе Решение за доделување на финансиски средства во рок од 10 дена од денот на доставување на Предлогот од Комисијата.

**Член 13**

Општина Центар преку Секторот за јавни дејности и Секторот за финансиски прашања води евиденција за сите пријави со доделени средства од Буџетот на Општина Центар согласно овој Правилник и сите донесени Решенија од Градоначалникот на Општина Центар-Скопје.

**Член 14**

Овој Правилник стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-1187/16
27.2.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Правилникот за начинот, критериумите и постапката за доделување финансиски средства за проекти и програмски активности од областа на спортот од интерес за Општина Центар-Скопје**

Се објавува Правилникот за начинот, критериумите и постапката за доделување финансиски средства за проекти и програмски активности од областа на спортот од интерес за Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 45. седница, одржана на 27.2.2025 година.

Бр. 09-1187/19
27.2.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24) и Програмата за спорт на Општина Центар - Скопје за 2025 година („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр.13/24) Советот на Општина Центар-Скопје на 45. седница, одржана на 27.2.2025 година, донесе:

# ПРАВИЛНИК
# за начинот, критериумите и постапката за доделување финансиски средства за проекти и програмски активности од областа на спортот од интерес за Општина Центар-Скопје

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредуваат начинот, критериумите и постапката за доделување на финансиски средства утврдени во Буџетот на Општина Центар - Скопје, наменети за спроведување на проекти и програмски активности од областа на спортот од интерес за Општина Центар, а со цел дејствување во различни области од спортот во општината.

### Член 2

Финансиските средства се обезбедени од Буџетот на Општина Центар - Скопје.

## II. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВЕН ПОВИК

### Член 3

Согласно овој Правилник, финансиските средства од Буџетот на Општина Центар – Скопје можат да бидат доделени на спортисти - поединци, спортски субјекти, спортски клубови, спортски здруженија, спортски институции (во понатамошниот текст: правни лица), регистрирани во Централен регистар со седиште во Општина Центар – Скопје, кои ги исполнуваат критериумите од овој Правилник и ја доставиле потребната документација предвидена во јавниот повик.

## III. НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

### Член 4

(1) Постапката за доделување на финансиски средства за спроведување на проекти и програмски активности од областа на спортот од интерес за општината ќе се спроведе со Јавен повик објавен од Општина Центар - Скопје.

(2) Јавниот повик се објавува на огласната табла и на веб-страницата на Општина Центар – Скопје https://www.centar.gov.mk/ .

(3) Јавниот повик трае од денот на објавување најмногу 15 (петнаесет) работни дена или до исцрпување на предвидените финансиски средства.

## IV. НАЧИН, КРИТЕРИУМИ И ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

### Член 5

(1) За утврдување на исполнувањето на критериумите за доделување на финансиски средства од член 2 на овој Правилник, Градоначалникот на Општина Центар формира Комисија за рангирање на пријавите и евалуација на проектите и програмските активности од областа на спортот од интерес на Општина Центар.

(2) Комисијата од став 1 од овој член ќе биде составена од:

- 2 (два) члена – претставници од редот на вработените во општинската администрација, од кои 1 (еден) е Претседател на Комисијата и
- 3 (три) члена од од редот на советниците од Советот на Општина Центар - Скопје

(3) Комисијата има задача:

- да ја спроведе постапката за доделување финансиски средства предвидена со овој Правилник;
- да го утврди исполнувањето на критериумите и
- да достави предлог до Градоначалник за усвојување на барањата на оние апликанти што ги исполнуваат условите.

### Член 6

(1) Пријавата со потребната документација се доставува во еден оригинален примерок, пополнета електронски и потпишана од одговорното лице на апликантот.

(2) Архивата на Општина Центар - Скопје примените пријави ги евидентира со точното време на поднесување (датум, час и минута).

(3) Потребната документација, апликантите ја поднесуваат до Комисијата преку Архивата на Општина Центар во затворен плик со назнака: До Сектор за јавни дејности – Комисија за рангирање на пријавите и евалуација на проектите и програмските активности од областа на спортот од интерес за Општина Центар.

(4) Рачно пополнетите пријави воопшто нема да бидат разгледувани.

(5) Ненавремено доставените пријави, Комисијата нема да ги разгледува.

### Член 7

(1) По објавување на Јавниот повик, Претседателот на Комисијата свикува состанок на кој се разгледуваат пристигнатите пријави во однос на тоа дали ја содржат потребната документација.

(2) Врз основа на пристигнатите барања, документација и спроведената постапка, Комисијата го утврдува исполнувањето на условите согласно член 9 на

овој Правилник и доставува предлог до Градоначалникот на Општина Центар - Скопје за усвојување или неусвојување на поднесеното барање.

(3) Предлогот за усвојување на пријавите и доделување на финансиски средства го потпишува претседателот на Комисијата и го доставува до Градоначалникот.

(4) За текот на одржаниот состанок се води Записник.

(5) Во Записникот, Комисијата констатира дали барањата се навремени и комплетни, и ги исполнуваат критериумите од Правилникот.

(6) За барателите што ги исполниле условите согласно Јавниот повик, Градоначалникот на Општина Центар - Скопје, на предлог на Комисијата, носи Решение за усвојување на барањето.

(7) За барателите што не ги исполниле условите согласно Јавниот повик, Градоначалникот на Општина Центар - Скопје, на предлог на Комисијата, ги известува барателите за неусвојување на барањето.

**Член 8**

(1) Градоначалникот на Општина Центар - Скопје, по предлог на Комисијата, донесува Решение за усвојување на барањето и за доделување на финансиски средства.

(2) Општина Центар – Скопје ќе склучи Договор за финансирање со субјектот чиј проект или активност ќе бидат избрани на Јавниот повик.

(3) Комисијата ги известува подносителите доколку се поништи Јавниот повик и не се донесе Решение за доделување на финансиски средства.

**Член 9**

(1) Апликантите - правните субјекти и физичките лица кои учествуваат на Јавниот повик, за исполнување на критериумите се должни да ја достават следнава документација:

- Документација за регистрација на субјектот (тековна состојба оригинален примерок) не постара од еден месец, издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија;
- Извештај од спортските здруженија, други правни лица и поединци од областа на спортот за потрошени средства ако од Општина Центар - Скопје добиле средства за реализација на спортски проект или за учество и напредување во одреден спорт за претходната година;
- Потврда за активна трансакциска сметка;
- Финансиски план за потребните средства за реализација на проектот со кој се аплицира;
- Електронски пополнета ријава за аплицирање што е поставена на веб-страницата на Општината (www.opstinacentar.gov.mk)
- Копии од прилози, фотографии, награди и др.

## VI. БОДОВНИ КРИТЕРИУМИ

**Член 10**

Комисијата ќе ги прифати пријавите од областа на спортот кои согласно критериумите и бодовните листи утврдени со Правилникот ќе обезбедат најмалку 60 бодови.

| **Критериум** | **Вредност на бодови** |
|---|---|
| Придонес на проектот во реализацијата на програмските цели на Општината | 20 |
| Усогласеност со надлежностите на Општината | 25 |
| Стручност, искуство и компетентност на подносителот на апликацијата во спроведувањето на проектната активност | 20 |
| Реален буџет и оправданост на трошоците | 20 |
| Процент на учество на подносителот на апликацијата во проектниот буџет | 5 |
| Вклученост на други општински институции, граѓански организации или граѓани | 10 |

**Член 11**

Општина Центар може да го поништи јавниот повик доколку:

- не е пристигната ниту една пријава;
- пријавите кои се пристигнати не ги исполнуваат критериумите утврдени согласно член 11 и
- не се донесе Решение за доделување на финансиски средства во рок од 10 дена од денот на доставување на Предлогот од Комисијата.

**Член 12**

Општина Центар преку Секторот за јавни дејности и Секторот за финансиски прашања води евиденција за сите пријави со доделени средства од Буџетот на Општина Центар согласно овој Правилник и сите донесени Решенија од Градоначалникот на Општина Центар - Скопје.

**Член 13**

Овој Правилник стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-1187/18
27.2.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Правилникот за начинот, критериумите и постапката за доделување финансиски средства за социјални услуги и сервиси за граѓаните на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Правилникот за начинот, критериумите и постапката за доделување финансиски средства за социјални услуги и сервиси за граѓаните на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 45. седница, одржана на 27.2.2025 година.

Бр. 09-1187/21
27.2.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24) и Програмата за здравствена, социјална и заштита на деца на Општина Центар-Скопје за 2025 година („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр.13/24) Советот на Општина Центар-Скопје на 45. седница, одржана на 27.2.2025 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за начинот, критериумите и постапката за доделување финансиски средства за социјални услуги и сервиси за граѓаните на Општина Центар-Скопје

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредуваат начинот, критериумите и постапката за доделување на финансиски средства утврдени во Буџетот на Општина Центар-Скопје, наменети за социјални сервиси и услуги за граѓаните на Општина Центар.

### Член 2

Финансиските средства во висина од вкупно 3.000.000 денари за сите три социјални услуги се обезбедени од Буџетот на Општина Центар-Скопје.

## II. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВЕН ПОВИК

### Член 3

Согласно овој Правилник, финансиските средства од Буџетот на Општина Центар можат да бидат доделени на здруженија на граѓани – лиценцирани даватели на социјални услуги во регистарот на МТСП или имаат потврда од МТСП дека се провајдери на специфичната социјална услуга, регистрирани во Централен регистар со седиште во Општина Центар-Скопје кои ги исполнуваат критериумите од овој Правилник и ја доставиле потребната документација.

Согласно Програмата за здравствена, социјална и заштита на деца на Општина Центар-Скопје за 2025 година, општината има потреба од три вида на социјални услуги и сервиси кои ќе се реализираат до крајот на 2025 и тоа:

**Услуга 1:**

1. Психосоцијален третман и поддршка на жртви на родово засновано и семејно насилство, вклучително деца и жени жртви
2. Советување и поддршка за момчиња и мажи засегнати од насилство.

**Услуга 2:**

1. Превенција, советување и третман на млади во ризик од злоупотреба на дроги и нивните семејства;
2. Психо-социјална поддршка, психотерапевстка и психијатриска поддршка, активности за личен развој и интеграција и ресоцијализација во заедницата.

**Услуга 3:**

1. Континуирани индивидуализирани услуги преку обезбеден пристап до компјутер и интернет со примена на асистивна технологија за децата со сите видови на попречености. 2. Континуирани индивидуализирани услуги за ран стимулативен развој преку АТ.

## III. НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК/КОНКУРС

**Член 4**

Постапката за доделување на финансиски средства за за социјални сервиси и услуги за граѓаните на Општина Центар ќе се спроведе со Јавен повик објавен од Општина Центар-Скопје.

Јавниот повик се објавува огласната табла и на веб-страницата на Општина Центар https://www.centar.gov.mk/
Јавниот повик трае од денот на објавување најмногу 15 дена.

## IV. НАЧИН, КРИТЕРИУМИ И ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

**Член 5**

За утврдување на исполнувањето на критериумите за доделување на финансиски средства од член 2 на овој Правилник, Градоначалникот на Општина Центар формира Комисија за рангирање на пријавите и евалуација на пристигнатите пријави, во состав 3 члена од Советот на Општина Центар-Скопје и 2 члена – претставници од општинската администрација по објавениот Јавен повик (во понатамошниот текст: Комисија).
Комисијата од ставот 1 има задача:

- да ја спроведе постапката;
- да го утврди исполнувањето на критериумите и
- да достави предлог до Градоначалник за усвојување на барањата на оние апликанти што ги исполнуваат условите.

**Член 6**

Пријавата со потребната документација се доставува во еден оригинален примерок, пополнета електронски, потпишана и заверена/печатирана од одговорното лице на апликантот.

Архивата на Општина Центар-Скопје примените пријави ги евидентира со точното време на поднесување (датум, час и минута).

Потребната документација, апликантите ја поднесуваат до Комисијата преку Архивата на Општина Центар во затворен плик со назнака: До Сектор за јавни дејности – Комисија за рангирање на пријавите и евалуација на социјални услуги и сервиси на Општина Центар.

Рачно пополнетите пријави воопшто нема да бидат разгледувани.
Ненавремено доставените пријави, Комисијата нема да ги разгледува.

**Член 7**

По истекување на рокот за поднесување на пријави по Јавниот повик, Претседателот на Комисијата свикува состанок на кој се разгледуваат пристигнатите пријави во однос на тоа дали ја содржат потребната документација.

Врз основа на пристигнатите барања, документација и спроведената постапка, Комисијата го утврдува исполнувањето на условите согласно член 9 на овој Правилник и доставува предлог до Градоначалникот на Општина Центар-Скопје за усвојување или неусвојување на поднесеното барање.

Предлогот за усвојување на пријавите и доделување на финансиски средства го потпишува претседателот на Комисијата и го доставува до Градоначалникот.

За текот на одржаниот состанок се води Записник.

Во Записникот, Комисијата констатира дали барањата се навремени и комплетни, и ги исполнуваат критериумите од Правилникот.

За барателите што ги исполниле условите согласно Јавниот повик, Градоначалникот на Општина Центар-Скопје, на предлог на Комисијата, носи Решение за усвојување на барањето.

За барателите што не ги исполниле условите согласно Јавниот повик, Градоначалникот на Општина Центар-Скопје, на предлог на Комисијата, ги известува барателите за неусвојување на барањето.

## Член 8

Градоначалникот на Општина Центар-Скопје по предлог на Комисијата донесува Решение усвојување на барањето и за доделување на финансиски средства. Општина Центар – Скопје ќе склучи Договор за финансирање со субјектот чија социјална услуга ќе биде избрана на Јавниот повик.
По потпишување на договорот, давателите на социјални услуги поднесуваат барање за исплата на финансиски средства. Исплатата ќе се врши во две транши и тоа:

- Прва транша – по потпишување на договор и поднесено барање за исплата на прва транша во висина од 50% од одобрениот износ, и
- Втора транша – по поднесен извештај на половина од договорниот период и Барање за исплата на втора транша во висина од 50% од одобрениот износ.

Комисијата ги известува подносителите доколку се поништи Јавниот повик и не се донесе Решение за доделување на финансиски средства.

## Член 9

Апликантите – даватели на социјални услуги кои учествуваат на Јавниот повик, за исполнување на критериумите се должни да ја доставаат следнава документација:

– Документација за регистрација на субјектот (тековна состојба оригинален примерок) не постара од шест месеци, издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија;
– Важечка лиценца (5 години) за давател на конкретна социјална услуга издадена од МТСП (доколку на повикот за некоја од услугите не се пријави ниту еден лиценциран давател на услуга, ќе биде земен предвид и нелиценциран давател на услуга, кој има потврда од МТСП за испорака на специфичната услуга))
– Финансиски план за потребните средства за реализација на услугата за која се аплицира;
– Пријава за аплицирање што е поставена на веб-страницата на Општината (www.opstinacentar.gov.mk)
- Завршна сметка за 2023 година
- Извештај за реализирани социјални услуги во текот на 2024 година (за нелиценцирани даватели на услуги Извештај за реализирани социјални услуги во текот на 2023 и 2024 година).

## V. ИЗВЕСТУВАЊЕ

**Член 10**

Давателите на социјални услуги и сервиси кои ќе склучат договор со општина Центар, Скопје, согласно овој Правилник, Јавниот повик и Програмата за здравствена, социјална и заштита на деца на Општина Центар-Скопје се обврзани да известуваат за својата работа и тоа:

**Прв извештај** – на половина од договорниот период доставуваат наративен извештај за својата работа до Секторот за јавни дејности, и

**Завршен извештај** – Во рок од 30 дена по истекот на договорниот период, доставуваат завршен наративен и финансиски извештај за целата година.

## VI. БОДОВНИ КРИТЕРИУМИ

**Член 11**

Комисијата ќе ги прифати пријавите на лиценцираните даватели на социјални услуги.

Комисијате ќе прифати и пријави на нелиценцирани даватели на социјални услуги, доколку за конкретната услуга нема пријавен лиценциран давател на услуга и доколку ја достави останатата потребна документација (член 9).

**Член 12**

Општина Центар може да го поништи јавниот повик доколку:

- не е пристигната ниту една пријава;
- пријавите кои се пристигнати не ги исполнуваат критериумите утврдени согласно член 11 и
- не се донесе Решение за доделување на финансиски средства во рок од 10 дена од денот на доставување на Предлогот од Комисијата.

**Член 13**

Општина Центар преку Секторот за јавни дејности и Секторот за финансиски прашања води евиденција за сите пријави со доделени средства од Буџетот на Општина Центар согласно овој Правилник и сите донесени Решенија од Градоначалникот на Општина Центар-Скопје.

**Член 14**

Овој Правилник стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-1187/20
27.2.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работењето на КК „Работнички“ АД Скопје за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работењето на КК „Работнички“ АД Скопје за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 45. седница, одржана на 27.2.2025 година.

Бр. 09-1187/23
27.2.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Советот на Општина Центар-Скопје на 45. седница, одржана на 27.2.2025 година, расправаше по Годишниот извештај за работата на КК „Работнички" АД Скопје за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година и донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот извештај за работењето на КК „Работнички" АД Скопје за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година**

1. Се усвојува Годишниот извештај за работењето на КК „Работнички" АД Скопје за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година.

2. Заклучокот да се достави до КК „Работнички" АД Скопје.

3. Овој Заклучок стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-1187/22
27.2.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Финансискиот план на Кошаркарскиот клуб „Работнички" АД Скопје за планирани средства за период од 1.1.2025 година до 31.12.2025 година**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Финансискиот план на Кошаркарскиот клуб „Работнички" АД Скопје за планирани средства за период од 1.1.2025 година до 31.12.2025 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 45. седница, одржана на 27.2.2025 година.

Бр. 09-1187/25
27.2.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 45. седница, одржана на 27.2.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Финансискиот план на Кошаркарскиот клуб „Работнички“ АД Скопје за планирани средства за период од 1.1.2025 година до 31.12.2025 година**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје ДАВА СОГЛАСНОСТ на Финансискиот план на Кошаркарскиот клуб „Работнички“ АД Скопје за планирани средства за период од 1.1.2025 година до 31.12.2025 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Кошаркарскиот клуб „Работнички“ АД Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-1187/24
27.2.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за долгорочно домашно задолжување на Општина Центар-Скопје и прифаќање на грант во рамките на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор при Министерство за финансии (ПСЕЕП)**

Се објавува Одлуката за долгорочно домашно задолжување на Општина Центар-Скопје и прифаќање на грант во рамките на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор при Министерство за финансии (ПСЕЕП),

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 45. седница, одржана на 27.2.2025 година.

Бр. 09-1187/27
27.2.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24), како и член 4 од Законот за јавен долг (“Службен весник на Република Македонија” бр. 62/05, 88/08, 35/11, 139/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 151/21 и 12/25), Советот на Општина Центар-Скопје на 45. седница, одржана на 27.2.2025 година, донесе

## О Д Л У К А
## за долгорочно домашно задолжување на Општина Центар-Скопје и прифаќање на грант во рамките на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор при Министерство за финансии (ПСЕЕП)

### Член 1

Со оваа Одлука, Советот на на Општина Центар-Скопје ја утврдува потребата за долгорочното домашно задолжување на Општина Центар Скопје (користење на под-заем и грант) во рамките на средствата обезбедени со Проектот за енергетски ефикасна реконструкција на објектот “ООУ Св. Кирил и Методиј“ – Центар, Скопје од Светска банка, во висина на 10.293.140,00 денари, од кои 8.234.512,00 денари се заем, а износ од 2,058,628.00 денари се грант за финансирање на капитален инвестиционен проект и тоа:

- Поставување на топлинска изолација на надворешен ѕид - HS1;
- Поставување на топлинска изолација на покривна конструкција ПК1;
- Поставување на динамички термостатски вентили;
- Мерки за модернизирање на осветлувањето, односно замена на постоечкото осветлување со соодветни ЛЕД светилки

### Член 2

Задолжувањето ќе се реализира по пат на домашно долгорочно препозајмување преку Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор при Министерство за финансии (ПСЕЕП), финансиран со заем од Светска банка, под следниве услови:

- рок на отплата до 7 години, вклучувајќи до 3 години грејс период
- каматна стапка еднаква на каматната стапка што РСМ ја плаќа на Светска банка (6-месечен ЕУРИБОР)
- Финансиски механизам: Општината склучува договор за под-заем и грант со МФ, при што 80% од инвестицијата се долгорочно позајмување и 20% од инвестицијата се грант средства.

**Член 3**

Се овластува и задолжува Градоначалникот на Општина Центар-Скопје да ја спроведе оваа одлука и да склучи договор за подзаем и грант со Министерството за финансии во кои ќе се регулираат правата и обврски.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-1187/26
27.2.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Центар-Скопје за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 1.1.2024 до 30.9.2024 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Центар-Скопје за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 1.1.2024 до 30.9.2024 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 45. седница, одржана на 27.2.2025 година.

Бр. 09-1187/29
27.2.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 32 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15; 209/18; 244/19; 53/21; 77/21; 150/21; 173/22 и 170/224) и член 26 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 45. седница, одржана на 27.2.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Центар-Скопје за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 1.1.2024 до 30.9.2024 година**

1. Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Центар-Скопје за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 1.1.2024 до 31.12.2024 година.

2. Оваа Одлука стапува на сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-1187/28
27.2.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за прераспределба на средствата во Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2025 година**

Се објавува Одлуката за прераспределба на средствата во Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2025 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 45. седница, одржана на 27.2.2025 година.

Бр. 09-1187/31
27.2.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/2002 година), а во врска со член 33 од Законот за Буџетите ( “Сл. Весник на РМ” бр. 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12 , 192/15 и 167/16 и “Сл. Весник на РСМ” бр. 151/21 ), Советот на Општина Центар-Скопје на 45. седница одржана на 27.02.2025 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## за прераспределба на средствата во Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2025 година

### Член 1

Со оваа одлука се врши прераспределба на средства во Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2025 година и тоа на следниот начин:

| **Потпрограма** | **Назив на потпрограма** | **Донации** |
|---|---|---|
| **Потставка** | **Назив на потставка** | |

**Се намалуваат расходите на следната потставка:**

| | | |
|---|---|---|
| **Н10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | |
| **420** | **Патни и дневни расходи** | |
| 420230 | Патување во странство- сместување | - 196.000,00 ден. |

**- 196.000,00 ден.**

**Истите да бидат пренаменети на следните потставки:**

| | | |
|---|---|---|
| **НА0** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ( КАПИТАЛНИ РАСХОДИ )** | |
| **483** | **Купување на мебел** | |
| 483120 | Купување на училишен мебел | 16.000,00 ден. |
| **485** | **Вложувања и нефинансиски средства** | |
| 485230 | Компјутерски софтвер | 180.000,00 ден. |
| | | **196.000,00 ден.** |

## Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Центар – Скопје и станува составен дел на Буџетот на општината за 2025 година.

Бр. 08-1187/30
27.2.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за донесување Техничка исправка на Детален урбанистички план за ГП 5.5 и ГП 5.14 од Измена и дополна на ДУП Градска четврт Дебар Маало 2, донесен со Одлука број 07-3727/2 од 28.12.2009 година, Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за донесување Техничка исправка на Детален урбанистички план за ГП 5.5 и ГП 5.14 од Измена и дополна на ДУП Градска четврт Дебар Маало 2, донесен со Одлука број 07-3727/2 од 28.12.2009 година, Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 45. седница, одржана на 27.2.2025 година.

Бр. 09-1187/33
27.2.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/24), а во врска со член 36 став 6 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 32/20; 111/23; 171/24 и 224/24), Советот на Општина Центар-Скопје на 45. седница, одржана на 27.2.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување Техничка исправка на Детален урбанистички план за ГП 5.5 и ГП 5.14 од Измена и дополна на ДУП Градска четврт Дебар Маало 2, донесен со Одлука број 07-3727/2 од 28.12.2009 година, Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Техничка исправка на Детален урбанистички план за ГП 5.5 и ГП 5.14 од Измена и дополна на ДУП Градска четврт Дебар Маало 2, донесен со Одлука број 07-3727/2 од 28.12.2009 година, Општина Центар – Скопје, во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 32/20; 111/23; 171/24 и 224/24). Техничката исправка е изработена со технички број 131/2024 од јануари 2025 година од ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија Скопје.

**Член 2**

Техничката исправка се врши за ГП 5.5 и ГП 5.14 од Измена и дополна на ДУП Градска четврт Дебар Маало 2, Општина Центар - Скопје, донесен од Советот на Општината со Одлука бр.07-3727/2 од 28.12.2009 година.
На Техничка исправка на Детален урбанистички план за ГП 5.5 и ГП 5.14 од Измена и дополна на ДУП Градска четврт Дебар Маало 2, донесен со Одлука број 07-3727/2 од 28.12.2009 година, Општина Центар – Скопје, издадено е Позитивно мислење бр. 09-544/2 од 29.1.2025 година од Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Центар - Скопје со Решение бр. 09-3949/1 од 3.9.2024 година и претставува составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Со донесувањето на оваа Одлука Техничката исправката ќе стане составен дел на Измена и дополна на ДУП Градска четврт Дебар Маало 2, Општина Центар - Скопје, донесен од Советот на Општината со Одлука бр.07-3727/2 од 28.12.2009 година и ќе може да се применува во форма на пречистена верзија на планот односно како основниот план во кој е вградена техничката исправка, за којшто важат истите одредби за предавање, објавување, презентирање, преклопување, применување и чување на урбанистички планови.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-1187/32<br>
27.2.2025 година<br>
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје<br>
Претседател<br>
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на Раде Лешко**

Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства на Раде Лешко,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 45. седница, одржана на 27.2.2025 година.

Бр. 09-1187/35
27.2.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 01/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 45. седница, одржана на 27.2.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства на Раде Лешко**

**Член 1**

На Раде Лешко му се одобруваат финансиски средства во износ од 100.000,00 денари заради тешка финансиска состојба.

**Член 2**

Средствата од член 1 Општина Центар-Скопје ќе ги исплати од Буџетот на Општината за 2025 година.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-1187/34
27.2.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на Ангелина Серафимовска**

Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства на Ангелина Серафимовска,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 45. седница, одржана на 27.2.2025 година.

Бр. 09-1187/37
27.2.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 01/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 45. седница, одржана на 27.2.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства на**
**Ангелина Серафимовска**

**Член 1**

На Ангелина Серафимовска и се одобруваат финансиски средства во износ од 40.000,00 денари, заради учество на Форбс 30/50 Самит 2025 година, во Абу Даби.

**Член 2**

Средствата од член 1 Општина Центар-Скопје ќе ги исплати од Буџетот на Општината за 2025 година.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-1187/36
27.2.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

**Општина ЦЕНТАР - Скопје**
**Уп1 бр. 27-382/2023 од 06.02.2025 год.**
**С К О П Ј Е**

**До**
**Абдија Асани** со живеалиште на ул. „Велебрдо“ бб, Маврово-Ростуше
**Стефанка Раниќ** со живеалиште на ул. „Борка Талевски“ бр. 6/7-44, 1000, Скопје
**Јордан Наков** со живеалиште на ул. „Браќа Миладинови“ бр. 57/2-13, Струмица и со живеалиште на ул. „Костурски Херои“ бр. 49/1-15, 1000, Скопје
**Перинска Јелена** со живеалиште на ул. „29ТИ Ноември“ бр. 49, 1000, Скопје
**Цане Шубески** со живеалиште на ул. „Тасино Чешмиче“ бр. 1, 1000, Скопје
**Габриела Цветановска** со живеалиште на ул. „ЈНА“ бр. 143, Струга
**Златко Гаврилоски** со живеалиште на ул. „Карпош Војвода“ бр. 50/2-22, Охрид
**Павел Попоски** со живеалиште на ул. „Даме Груев“ бр. Б 1/11, Охрид
**Сандра Ангеловски** со живеалиште на ул. „Андон Шурков“ бр. 6/4-7, Велес
**Дуева Марија** со живеалиште на ул. „Бевар Јна“ бр. 15/3-8, 1000, Скопје и со живеалиште на ул. „Ј. Јосифовски“ бр. 30, Гевгелија
**Сашо Николоски** со живеалиште на ул. „Момчило Јорданоски“ бр. 195, Охрид
**Зорица Тодоровска** со живеалиште на ул. „Караорман“ бр. 11, Велес
**Никола Тунески** со живеалиште на ул. „Париска“ бр. 12Б/8, 1000, Скопје и со живеалиште на ул. „Партизански Одреди“ бр. 111/1-8, 1000, Скопје
**Снежана Кимовска** со живеалиште на ул. „Партизански Одреди“ бр. 59/2-1, 1000, Скопје
**Снежана Кимовска** со живеалиште на ул. „Борка Талески“ бр. 53/1-1, 1000, Скопје
**Лујза Томовска** со живеалиште на ул. „Коста Кирков“ бр. 111/5, 1000, Скопје
**Лидија Крстевска** со живеалиште на ул. „Франклин Рузвелт“ бр. 72/9, 1000, Скопје и со живеалиште на ул. „Видое Смилевски-Бато“ бр. 51/4, 1000, Скопје и со живеалиште на ул. „Миле Попјорданов“ бр. 40/10, 1000, Скопје
**Богдан Митрев** со живеалиште на ул. „25 Мај“ бр. 46, Кавадарци
**Роза Андонова** со живеалиште на ул. „Коле Неделковски“ ББ, Гевгелија
**Елена Стојановска** со живеалиште на ул. „29ТИ Ноември“ бр. 69А/8, 1000, Скопје
**Игор Стојановски** со живеалиште на ул. „29ТИ Ноември“ бр. 69А/8, 1000, Скопје
**Јанкуловска Јолевска Татјана** со живеалиште на ул. „Епинал“ бр. 8, Битола
**Елена Ангеловски** со живеалиште на ул. „Бане Андреев-Ронката“ бр. 8/50, Велес и со живеалиште на ул. „Андон Шурков“ бр. 6/4-7, Велес
**Александар Ангеловски** со живеалиште на ул. „Андон Шурков“ бр. 6/4-7, Велес
**Перица Ивановски** со живеалиште на ул. „29ТИ Ноември“ бр. 62/3, 1000, Скопје и со живеалиште на ул. „Р. Жинзифов“ 50, 1000, Скопје
**Гордана Ивановска** со живеалиште на ул. „29ТИ Ноември“ 62/3, 1000, Скопје
**Кристијан Габроски** со живеалиште на ул. „Франклин Рузвелт“ бр. 6/14, 1000, Скопје и со живеалиште на ул. „Васил Ѓоргов“ 30/2-32, 1000, Скопје
**Александра Пашоска Габроска** со живеалиште на ул. „29ТИ Ноември“ бр. 6/14, 1000, Скопје

